Здружение на граѓани
**Институт за човекови права**
Бр. 0506-22/2

**04.04.2022, Скопје**

За потребите на проектот „Следење на националните активности во борбата против корупцијата" финансиски поддржан од Амбасадата на САД во Скопје, а врз основа на Договор за грант SMK80021GR3036 од 13.08.2021 година склучен меѓу Институтот за човекови права и Американската амбасада во Скопје (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

**ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 02/2022**
**за ангажирање на експерти за изработка на онлајн курс за борба против корупција**

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Следење на националните активности во борбата против корупцијата" (финансиран од Амбасадата на САД во Скопје) има потреба од **ангажирање на експерти за изработка на онлајн курс за борба против корупција,** за успешно реализирање на проектните активности.

2. Опис на услугата:
    - Изработка на лекции за курсот систематизирани во 5 поглавја;
    - Изготвување на прашања за секое поглавје на курсевите (со понудени одговори);
    - Едукативни кратки видеа со содржината на материјалите на курсот.

Подетален опис на услугите е даден во проектната задача ToP 02/2022.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

Услугата треба да се испорача во период **од 12 април 2022 година до 11 мај 2022 година**. Првата драфт верзија со утврдени поглавја и лекции треба да се испорача до 20.04.2022 година, финална верзија со прашања и примери треба да се испорача до 30.04.2022 година и едукативни видеа заклучно со 10.05.2022 година.

*ИЧП во согласност предвидената временска рамка ќе го извести добавувачот на услугата за точниот датум за реализација на активностите во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проекти и во зависност од обезбедувањето на сите потребни услови. ИЧП го задржува правото на измена на временската рамка за испораката на нарачаната услуга од страна на добавувачот во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проект и епидемиолошката состојба во земјата.*

4. ИЧП ќе склучи договори со избраните понудувачи за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
- CV со фокус на потребната квалификација

- Сепцифично искуство во вршење на работи поврзани со корупција (писмо за изразување на интерес)

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

| Ставка | Опис на производ/услуга | Количина (во денови) | Цена во бруто износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Драфт верзија со утврдени поглавја и лекции | 3 | |
| 2. | Финална верзија со прашања и примери | 4 | |
| 3. | Едукативни видеа | 1 | |
| **ВКУПНО** | | 8 | |

6. Изборот на понудувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

| **Квалитативна евалуација** | **Максимум можни бодови** |
|---|---|
| CV со фокус на потребната квалификација | max 30 |
| Сепцифично искуство во вршење на работи поврзани со корупција (писмо за изразување на интерес) | max 30 |
| **Вкупно бодови** | **60** |
| **Финансиска евалуација** | **Максимум можни бодови** |
| Финансиска понуда | max 40 |
| **Вкупно бодови** | **40** |
| **Финална евалуација** | **Максимум можни бодови** |
| Просечна оценка за квалитативна евалуација | 60 |
| Просечна оценка за финансиска евалуација | 40 |
| **Вкупна оценка** | **100** |

7. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде вршено по реализација на услугата.

8. Набавката е делива.

9. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: martin.sopronov@ihr.org.mk.

Институт за човекови права

Краен рок на доставување на понудите е до **08.04.2022 година (петок).**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса martin.sopronov@ihr.org.mk најдоцна до **07.04.2022 година (среда)**.

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена.

**Маргарита Цаца Николовска**
**Претседателка на Институт за човекови права**

U.S. Embassy Skopje